***З А П И С Н И К***

***Од 49-та седница на Совет на општина Демир Хиар одржана на 12.03.2021 година***

Седницата се одржа во просториите на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар со почеток во 10 часот.

Во салата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Весна Ориѓанска, Христина Бојаџиева Андреска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски и Марија Кочовска. Со донесување на Одлука за работа на Советот на Општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства советничката Александра Ѓорѓиовска Трајчевска беше онлајн преку ZOOM вклучена во работата на Советот. Што значи во работата на Советот на општина Демир Хисар учествуваа 11 советници.

На едницата присутен беше Грдоначалникот на општина Демир Хисар Марјанче Стојановки. Од општинската администрација присутни беа Раководителот Влатко Станковски, Марина Поповска. На седницата присутни беа директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Маја Лозановска, директорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Наташа Коруновска, директорката на ООУ „Браќа Миадиновци“ с.Жван Ана Трајчевска, директорката на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Анабела Митревска, Директорот на ЈКП„Комуналец“ Ацко Трајковски, директорот на Дом на култура „Илинден“ Зоран Котевски, ВД Директое на ЈП ДЕХИ ТРАНС Драге Талевски. Присутни беа и петставници на локалните институции од обласста на финансиите Добрица Алексовка како претставник за училиштата, Цане Трајчевски претставник од ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар. На седницата присутни беа и граѓани на општина Демир Хисар Најдовски Трајан од Демир Хисар и Здравевски Христијан од с.Базерник со предходно најавено известување бр.17-270/1 од 11.03.2021 година.

Записникот го водеа Виолета Пајковска и Катерина Бошевска.

Претседателот на Советот Благоја Станојоски констатира присутво на 10 советници, а потоа ја отвори седницата. При тоа најави дека по барање на политчката партија „Левица“ Демир Хисар на седницата ќе бидат присутни претставници за што има и писмено изветување. Советникот Мишко Поповски упати забелешка кон Претседателот на Совет како дозволува на седница да присутвува политичка партија, потоа додаде според член 134 од Деловникот за работа на седниците на Совет може да присуствуваат заинтересирани граѓани, но никако политички партии. Претседателот на Советот Станојоски објасни кога се слушнав по телефон ми се претстави како политичка партија, а во допосот кој е доставен се најавени како граѓани. Советничката Весна Ориѓанска истакна ова е прв пат некој граѓанин да изрази интерес да присуствува на седницата на Совет во овие три и пол години, потоа праша кој е мотивот. Советничката Валентина Ѓорѓиовска се согласи седниците се јавни и во Деловникот за работа објаснето во кои случаеви може да се присуствува на седница и кога може да се исклучи присуството, но кога се разгледува Буџет не може да се исклучи јавноста. Претседателот на Советот Благоја Станојоски ги замоли присутните во салата да ги исклучат мобилните телефони, за се исклучи можноста од снимање и злоупотреба на дискусиите на советниците. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде општината требаше да ги снима седниците, тоа се практикуваше зошто се прекина. Бидејќи беше разјаснета дилемата Претседателот Благоја Станојоски предложи да се започне со работа.

-Усвојување на записник од 47-ма седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки со 10 „за“ беше усвоен
-Усвојување на записник од 48-ма седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки со 10 „за“ беше усвоен

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за работа на Советот на Општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства.
2. Донесување на Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година.
3. Донесување на Одлука за поништување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година бр.17-1132/4 од 2020.
4. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година.
5. Донесување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2021 година.
6. Донесување на Одлука за одобрување финансиски средства-донација на ЈЗУ „Здравствен дом" Демир Хисар.
7. Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2020 до 31.12.2020 год.
8. Донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година.
9. Донесување на Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2020 година.
10. Донесување на Одлука за усвојување на Предлог план за запишување на ученици во прва година во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебнта 2021/2022 година.
11. Усвојување на Завршна сметка на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2020 година.
12. Усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2020 година.
13. Донесување на одлука за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2021 година.
14. Донесување на Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2021 година.
15. Донесување на одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2021 година.
16. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете за 2020 година.
17. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за склучен брак за 2020 година.
18. Усвојување на извештај за реализација на Годишна програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2020 година.
19. Усвојување на Извештај за работа за 2020 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
20. Усвојување на Годишен извештај за извршените работи на одржување на јавна чистота во општина Демир Хисар за 2020 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
21. Усвојување на Програмски извештај за работата на Дом на културата „Илинден" Демир Хисар за 2020 година.
22. Усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификација на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок дотацијата на Дом на културата „Илинден" Демир Хисар за 2020 година.
23. Усвојување на План за работа на Дом на култура „Илинден" од Демир Хисар за 2021 година.
24. Усвојување на извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар за 2020 година.
25. Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар.
26. Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван општина Демир Хисар.

27. Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар.
28. Донесување на Решение за разрешување и именување на член на Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар.
29. Донесување на Решение за именување на член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.
30. Разгледување на барање за подршка за олимпијата по хемија поднесено од Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија.
31. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Благоја Станојоски предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со неколку точки. Бидејќи има советник кој е позитивен на вирусот Ковид 19 и е во излација, а со оглед на состојбата на пандемијата не се знае како ќе се одвиваат работите добро е да се донеси акт со кој ќе се овозможи советник кој е во изолација, да може преку комуникациски средства односно ZOOM да биде вклучен за работа на седницата. Имаше и предходно случај на советник да е во изолација, но тогаш не се направивме ваков чекор беше на почетокот не можевме да претпоставиме дека пандемијата толку долго ќе трае, исто така дополнително причина е што оваа седница е од исклучителна важност на Дневен ред е Буџетот на општината кој се ставаше на три седници и не се донесе, денес е по четврт пат на седница на Совет, Завршната сметка на општината и годишни сметки на другите институции. Потоа предложи Одлуката за работа на Советот на Општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства да биде како прва точка на Дневен ред за да може советничката да се вклучи и да учествува во работата на Советот. Предложи осум точки од Дневниот ред од 22-29 од областа на урбанизмот, а поврзани со законот за бесправно изградени објекти ги повлекува подносителот со образложение предходно донесениот закон престанува да важи на 03.03.2021 година, а новиот закон со кој требаше да се продолжи рокот уште пет години сеуште не донесен. Градоначалникот Марјанче Стојановски дополни законот е ставен на Дневен ред на седница на парламент, но сеуште не донесен. Советничката Валентина Ѓорѓиовска објасни повлекување на точките беше побарано од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС, бидејќи сега се наоѓа вакум простор и не е добро да се расправа по овие точки за кој нема законска покриеност. Претседателот на Советот Благоја Станојоски предложи Дневниот ред да се дополни со уште две точки и тоа точка 9. Донесување на Одлука за давање донација финансиски средства на Здравствен дом Демир Хисар, со образложение до Советот има доставено барање за финансиска помош за набавка на ЕХО апарат, и точка 13. Донесување на Одлука за усвојување на Предлог план за запишување на ученици во прва година во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година по барање на средното училиште за овие две точки материјалите се доставени пред самата седница. Од страна на советниците немаше забелешки по Дневниот ред со предложените измени и дополнување. За вака предложен Дневен ред гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за работа на Советот на Општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства***

За Одлуката за работа на Советот на Општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства објаснување имаше Претседателот на Советот Благоја Станојоски, бидејќи советниците немаа седнички материјали за оваа одлука, истата беше презентирана од негова страна. Како што најави во воведот одлуката се однесува на советник кој нема да може физички да присуствува на седницата, со помош на комуникациски средства да може преку ZOOM да биди вклучен во работата на Советот. Советничката Весна Ориѓанска упати забелешка ваква Одлука требаше многу порано да се донеси, требаше да се предвидат вакви работи со огледа на состојбата со пандемијата. Ова е закаснато зашто веќе имавме таков случај. Претседателот на Советот Станојоски се согласи требаше многу

порано, но за ваква работа треба посебни услови и сето тоа се плаќа, сега треба да и се извиниме на советничката Марија Кочовска која исто беше позитивна не можеше да присуствува на седница, а не обезбедивме услови. Потоа ја презентира одлуката. Дискусија повеќе немаше.За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.
Советникот Мишко Поповски упати забелешка до Претседателот на Совет, како можи да дозволува политички партии да присуствуваат на седницата, за вакви работи треба да се направи предходна координација меѓу советничките групи. Ваквиот начина на работа е грешка. Исто така текстот на Одлуката е грешка неможи да се каже дека некој ќе биди вклучен преку телефон. Такво нешто е недозволиво. Забелешката е добронамерно упатена. Советничката Христина Бојаџиева побара да се презентира дописот со кој се најавени присутните претставници дали тие се од политичка партија како што беа најавени од Претседателот на Совет или се граѓани. Присутните граѓни се изјаснија дека не се тука како преставници на политичка партија тука се присутни како граѓани и тое е во согласност со член 42 од Законот за локална самоуправа. Советникот Мишко Поповски уште еднаш напомена да не се злоупотребува присуството, бидејќи предходно на социјалните мрежи се ширеа многу дезинформации за причините за неносењето на Буџетот, сега можи истото да се случи. Советници сме и треба да се заштитиме, кампањата веќе е почната преку социјалните мрежи и Советот не смее да биде злоупотребен, затоа побара образложение што е целта на присуството на седницата. Градоначалникот Марјанче Стојановски исто така забележа од страна на политичката партија „Левица“ имаше многу некултурен настап на социјалните мрежи, разговарано е со адвокат и ќе се покрене постапка. Не е спорно присуството на седница на граѓани, но не треба да се користат такви зборови и коментари по социјалните мрежи. Советниците и Градоначалникот се избрани од народот, се надевам дека нема да се злоупотреби и присуството на седницата. Салата не е многу голема има присутни доста претставници кои мора да присуствуваат ќе имате сите во предвид со оглед на состојбата со ковидот. Христијан Здравевски објасни тука сме да видиме која е причината што три месеци Советот нема донесено Буџет, не се согласувам со такви коментари по социјалните мрежи. Советникот Мишко Поповски праша дали е во тек со рабтата на Советот, зошто коментирате кога не знаете зошто не е донесен Буџетот, дали ја прифаќате тутулата што нас ни ја дадовте, сега со вашето присуство сте дел од тоа. Претседателот на Советот Благоја Станојоски се извини лошо ги претстави присутните на почетоот на седницата, од причини што на телефон се јавил Претседателот на политичката партија „Левица“. Потоа предложи да се продолжи со работа по точките од Дневниот ред во меѓувреме беше воспоставен контакт со Александра Ѓорѓиовска Трајчевска па согласно одлуката која предходно беше донесена, и од овој момент во салата се констатира присуство на 11 советници.

***ТОЧКА 2. Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година***

За Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Буџетот три пати беше ставен на Дневен ред ова е четврт пат се останува исто. Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде дискутирано е доста разговарано е предложи да се оди на гласање. Советничката Валентина Ѓорѓиовска побара збор бидејќи во јавноста се носат погрешни заклучоци зошто не е донесен Буџетот да се даде објаснување. Буџетот го предлага Градоначалникот, а донесува Советот. Советот можи да предложи измени и дополнување на Буџетот затоа и сме тука. На предходната седница имав предлог за измена на одредени ставки во Буџетот, и сеуште сметам дека мојот предлог е издржан, а зошто не се прифаќа предлогот треба образложение. Оваа година е пореално плниран Буџетот, но сепак сметам ако се прифатат моите предлози уште пореално ќе биди планиран. Потоа го образложи предлогот во ставка разни трансфери во сите програми има планирано 2.400.000, во програмата Д0 да остани исто како што е планирано, а во програмите Е0 И А0 вкупно има 2.136.000 што сметам дека е многу планирано за барања од месни заедни и црковни одбори. За физички лица има друга ставка. Од предходна година од оваа ставка се потрошило околку 500.000, затоа и сметав дека овие два милиони се многу, дел од овие средства да бидат ставени во програма Јд и во програма за изработка на урбанистички проекти каде ќе бидат покорисни, исто од договорни услуги каде има планирано 1.400.000, а има две лица со

договор за дело, зедов во предвид ако има потреба и други лица да се ангажираат да останат 900.000. Тие 1.500.000 кои ќе се намалат од двете ставки да се пренаменат во програмите Јд и за изготвување на урбанистички планови, бидејќи општина Демир Хисар стагнира со изготвувње на урбанистички планови, неколку општи акти и друг урбанистички план нема. Градоначалникот Марјанче Стојановски забележа ова што го кажува советничката е исто од минатата седница. Советничката Валентина Ѓорѓиовска објасни да сега тука е присутна јавноста и сакам да кажам која е причината зошто на предходната седница не се донесе Буџетот. Нека види јавноста зошто советниците не гласаа за Буџетот, за да не се шират дезинформации. Градоначалникот Стојановски објасни за ова е дискутирано, сега имаме одлука за донација за ЕХО апарат од каде ќе се плати од овие ставки разни трансфери, затоа не го прифаќам предлогот да ги пренамениме средствата, овие средства овде се најпотребни. Ако ги ставиме во програма за УП само ќе лежат средствата нема да се употребат. Урбанистички планови не се изготвуваат за 1-2 години последните 40 години во Демир Хисар не е изготвен урбанистички план се изготвиле неколку општи акти и тие се во ред, но повеќе неможат да се работат. Затоа е целта преку Министерство за транспорт и врски да се аплицира да се добијат средства за да се изготвуваат УП. Ако ги пренамените средствата ќе немаме средства да исплатиме донација и предходно донесени одлуки од Совет. Советникот Мишко Поповки додаде овие два милиони се веќе потрошени со веќе донесените одлуки. Советничката Валентина Ѓорѓиовска рече не се согласувам дека немало изработка на УП 40 години наназад, се работеле УП можеби помали, но се работеле, а од друга страна е изготвувањето на ГУП на секој 10 години треба да се обновува. Потоа дополни 900.000 за вработување по договор се доволни. Градоначалникот Марјанче Стојановски додаде ГУП-от е закочен. 70 барања за социјални случаи имате одобрено стојат неисплатени поради Буџетот. Исто имам барање од родители за отворање на група во детската градинка за престој има простор услови, но треба да се вработат две негователки и тие ќе се плаќаат од договорни услуги, ќе треба финансиски да ја помагаме градинката. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде повеќе средства ќе требаат за изградба на патишта и улици има урбани населени места кои сеуште газат кал. Затоа е мојот предлог да се преземи нешто да се даде приоритет на таквите програми истото го предлагав и кога се носеа програмите. Градоначалникот Стојановски рече јас сум можеби прв градоначалник кој ве повикав програмите заедно да ги изготвиме. Ќе аплицираме на повиците со мало учество на општината, немаме доволно средства сами да ги работиме проектите. Јас ви ги тампонирав улиците има проект за асвалтирање ќе аплицираме за добивање на средства и во Сопотница. Советничката Ѓорѓиовка забележа и предходно се тампонирале улиците не прв пат. Советничката Весна Ориѓанска рече не почнувајте за Сопотница, тоа е старо таму нема ни една лопата песок. Сопотница требаше уште лани да се асфалтира, ова е најголемо село ништо не е направено, некое патче до манастирот, некоја пешачка патека, не е за се виновна пандемијата. Има селективен пристап ние носиме предлози, не ги земате во предвид, со ваши проекти работите, сами утврдувате приоритети и ни ги носите како готови приоритети само да ги гласаме. Градоначалникот Стојановски објасни кога дојдов немаше ни еден проект сега имаме 15 проекти чекаме само јавни повици и ќе аплицираме. Знаете која е финансиската состојба на општината не можеме ни 3 км пат сами да направиме. Мора се да оди со кофинанирање. Имаме проект за водоводна мрежа во Слепче 18 милиони и други проекти. Сега само програми носиме јас ќе сум најсреќен ако се се изработи за една година, но неоди така лесно. Четири години за Белче не можиме да сработиме се молиме за средства, и за други проекти постојано бараме средства. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Буџетот гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 3. Одлука за поништување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општин Демир Хисар за 2021 година бр.17-1132/4 од 2020 година***

За Одлуката за поништување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општин Демир Хисар за 2021 година бр.17-1132/4 од 2020 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 4. Одлука за извршување на Буџетот на Општин Демир Хисар за 2021 година***

За Одлуката за извршување на Буџетот на Општин Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 5. Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2021 година***

Буџетскиот календар на општина Демир Хисар за 2021 година беше увоен на комиијата за финансии и буџет објасни Претседателот н комисијата Татјана Кочовска. За Буџетскиот календар објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. За донесување на Буџетски калндар гласаа 6 „за“ 5 “воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 6. Одлука за донација на финансиски средства на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар***

За Одлуката за донација на финансиски средства на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни до Советот има поднесено барање од страна на „Здравствен дом“ Демир Хисар со кое се бара од Советот да обезбеди донација односно финансиски средства во рамките на можнотите за купување на ЕХО апарат, бидејќи моментално во Здравствениот дом нема ваков апарат постоечкиот е расипан. Во интерес на пациентите во услови на ковид пандемија со помош на повеќе институции да се набави ваков апарат. Побарано е од Министерството за здравство да набават ваков апрат, барањето е прифатено, но кога ќе се направи тоа не се знае. Од разговорите со Градоначалникот општината е во можност да обезбеди 300.000 денари. Советникот Мишко Поповски предложи уште еднаш да се разговара да се зголеми сумата доколку е во можност општината да се обезбедат 500.000 со напомена ако има можност пациентите од категорија на социјални семејства да не му се наплаќа прегледот. Раководителот на финансии Влатко Станковски предложи да не стои сума да се види колку средства општината можи да обезбеди. Градоначалникот Марјанче Стојановски предложи да стои 300.000 со забелешка доколку е во можност општината да одобри поголем износ. Советникот Драге Пупунчевски се согласи предлогот е добар, но зошто Министерството за здравство не набавува апарат за Здравствен дом. Градоначалникот Стојановски објасни имаат поднесено барање и разговарано е но три месеци стои барањето, не е одбиено кога ќе имало можност ќе се набавело, но граѓаните меѓувреме се праќаат во Битола. Барањето ќе стои кога ќе набави министерството апарат ќе има два. Што се однесува за предлогот за бесплатен преглед на категориите од социјалните случаеви неможи да му се мешаме во работата на Здравствениот дом нека стои евидентирано во записник, и ќе му биди кажано. Советничката Весна Ориѓанска забележа едно ЕХО апарат за Демир Хисар не можи да се набави или со други зборови снаоѓајте се сами. Градоначалникот Стојановски замоли да не се изврtуваат работите барањето не е одбиено се одологовлекува затоа сега носиме одлука. Советникот Мишко Поповски предложи во Одлуката да стои 300.000 ако има можност општината да даде и повеќе. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2020 до 31.12.2020 гоина***

Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2020 до 31.12.2020 гоина беше усвоен од страна на Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Татјана Кочовска. За Кварталниот извештај објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советникот Мишко Поповски праша за 247.598 надомест за изгубена дрвна маса кој ќе биди сопственикот на дрвата. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни средствата се уплатени на Национални шуми за дрвата покрај патот за манастир Св.Тома општината ќе биди сопственик, а се планира да се доделат на социјални случаеви. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша платено за услуга за сечење и отстранување дрва за што е тоа, потоа изработка на икона, потоа праша за донцијата од ЕУ до каде што е сработено. Градоначалникот Стојановски објасни планиравме овие дрва да ги користиме за клупи, но неможи, треба документи да се средат, а иконата е на светецот Кипријан. Додека за средствата од донацијата од ЕУ во соработка со Албанија треба да заврши во Мај тоа е прекрасно, многу убаво е направено треба да се види. Советникот Мишко Поповски додаде тоа е многу убаво направено, но треба на концесионер

да се дај и да има критериуми под кои услови и да се одржува. Многу убаво е направено треба да се заштити и да се загради. Советничката Марија Кочовска додаде општината е сопственик дали размислува за давање под концесија. Градоначалникот Стојановски објасни тоа е и целта да се дај под концесија додека се дај под концесија ќе се вработи едно лице да го одржува. Советничката Валентина Ѓорѓиовска забележа Советот не беше информиран за ова. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на кварталениот извештај гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 8. Завршна сметка на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година***

Завршната сетка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2020 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Татјана Кочовска. За завршната сметка објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советникот Мишко Поповски упати забелешка до Комисијата за опшествени дејности зошто до Советот нема доставено извештај за реализација на програмата за еднократна парична помош. Денес се разгледува завршна сметка, а немаме извештај што се е реализирано. Советничката Марија Кочовска Претседател на комисијата за опшествени дејности објасни тоа е друга точка, извештајот го изготвува администрацијата, а не комисијата и јас имам реагирано извештајот треба да биди пред завршната сметка. Советникот Мишко Поповски реагираше сиве години бараме да имаме наш претставник во  комисијата за опшествени дејности, не дозволувате се работи за буџет од 1.565.000 да не дојди ситуација да бараме од директорите да ни доставуваат извештаи, а самите ние немаме извештај. Се работи само еден член да од опозицијата да учествуваше во работата на комисијата и ќе беше во ред, три години го бараме тоа. Не можи да се носи завршна сметка, а да немаме извештај за реализација. Советничката Марија Кочовска се согласи со забелешката дека извештаите треба да бидат пред завршната сметка и тие како комисија тоа го бараат. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали е исплатено за санирањето на тоалетите во средното училиште и дали е завршена работата. Претставникот Добрица Алексовска објасни работата е завршена по договор е 1.319.007 платено е 1.250.947 останува уште малку да се доплати. Советничката Ѓорѓиовска забележа не е чудно што надзор над работата е само едно лице. Раководителот Влатко Станковски објасни за градежно занаетчиски работи можи од внатрешните немора со лиценца.  Советничката Валентина Ѓорѓиовска упати забелешка на двете сметки има ставка други договорни услуги, водовод и канализација има дупло повеќе од предходна година, зошто е тоа така, други трошоци за комуникација што се платило. За некој ставки се скоро исти, има многу ставки други материјали, други материјали за специјални намени, други оперативни материја ставки со други, затоа има потреба од образложение. Претставникот Добрица Алексовска објасни имавме извршно решение по судски и тие повлекуваат средства од каде ќе има од било која ставка затоа има земено средства од двете сметки. За водовод и канализација има повеќе префрлено пари, 12.600 се платени за интернет за 2020 и 2021 од ставка други трошоци за комуникација. Се плаќани фактури ако нема соодветно конто се плаќа од други. Директорката Маја Лозановска објасни ако некој има потреба од детален увид можи да дојди во книговодство и ќе можи да види што платено. Советот не треба да го интересира колку тоалетна е набавено, колку солна киселина. Ова сега е безпредеметно овде да се расправа. Советничката Ѓорѓиовска реагираше ако советниците не треба да ги интересира како се трошат средствата тогаш зошто сме овде. Станува збор за народни пари и треба да одговараме пред граѓаните како ги трошиме нивните пари. Со ваков одговор го потценувате градоначалникот, ако за општината имаме образложение и за 1.000 денари каде се потрошени што е купено, зошто за другите институции да нема. Еве 70.000 други материјални средства не сте можеле да дајте објаснување што е набавено, колку е оправдано толку средства, а нема ученици, други договорни услуги , други оперативни расходи, други материјали, од другата сметка исто други договорни услуги, други материјали. Советот треба да знае за што се потрошени, и предходната година за ова се расправавме, во споредба со другите училишта ете со ООУ „Гоце Делчев“ има многу помалку средства потрошена за набавка на средства за хигиена, за прехрамбени продукти, за телефон е блуски со општината. Потоа советничката Ѓорѓиовска рече ќе гласам за завршната сметка, но барам образложение од СОУ „КрстеП.Мисирков“да има доставено до советниците исто како што прави општината. Советникот Мишко Поповски додаде тоа не е ново

ние постојано бараме бакво образложение да доставуваат сите тоа го прави само општината и домот на културата. Директорката Маја Лозановска објасни училиштето има Училишен одбор во кој тројца претставници има Советот, таму се разгледува завршната сметка, таму се утврдуваат нашите потреби, како може Советот да ги утврди потребите на училиштето. Ако имате сомнеж има служби ќе утврдат тоа, незнам која е потребата Советот да одлучува дали имало потреба или не да се набави нешто, дали требало да се трошо или не. Ако Училишниот одбор одлучил дека има потреба ќе се направи така. Постојано доаѓам на седниците на Совет, постојано примам анонимки дури и извадок од записник од Совет има доставено. Сешто ве интересира дојдете во книговодство можете да имате на увид. Како училиштето троши дали домаќински или не, дали знаете како се трошело предходно, како се троши сега се манипулира со податоците. Потоа презентираше споредено 2016,2019, како се трошело по одредени ставки да се направи споредба. Советничката Валентина Ѓорѓиовска реагираше неможи да се зборува за податоци на предходени директори во нивно отсуство. Советникот Мишко Поповски истакна не се разбравме не се работи за тоа дали се оправдани трошењата, ние никого не обвинуваме само бараме описно од која ставка што се плаќа за расходниот дел. Никого не обвинивме и не е толку тешко да се направи едно образложение, но Советот треба да знај како се трошат средствата. Пред три години исто побаравме од градоначалникот да ни дај образложение како се трошат средствата, сега го имаме тоа и нема никаков проблем исто бараме и од другите институции. Да се даде објаснување пример зошто договорни услуги или нешто слично, за записникот и не е во ред да се користи за поднесување преставки тоа го осудуваме кој и да го сторил тоа. Директорката Маја Лозановска праша зошто на Советот му се потребни такви податоци, тоа е работа на училишниот одбор на надзорниот одбор таму се усвојуваат. Градоначалникот Марјанче Стојановски објасни не сум на ничија страна бев исто критикуван, беше побарано објаснување и тоа го направивме, дадовме објаснување како се трошат парите, нема што да се крие стојам на располагање да се даде објаснување како се трошат средствата. Многу е неубаво и за осуда што излезе записникот од Совет, тој се доставува само до советниците, кој бил толку мизерен и го употребил за анонимна преставка до инспекциите, само да се понижи некој. Тоа е многу мизерно, секако дека имете право да знаете како се трошат средствата, ако имавте конкретна забелешка за нешто можевте да кажите ќе проверевме, а не на ваков начин. Советникот Мишко Поповски дообјасни не е работата Советот да врши внатрешна контрола над материјално финансиско работење на институциите, само да имаме објаснување за што се потрошило, да нема сомнеж. Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна она што го ставам како забелешка е на податоците кои се доставуваат до Советот тоа не се измислени податоци, цело време ми се префла мене, јас кога ставам забелешка на нешто се потпишувам никогаш анонимно не поднесувам ништо. Потоа додаде останувам на предготот да се изготви образложение до советниците за сите училишта, а ќе дадам подршка на завршната сетка. Потоа упати забелешка зошто извештаите од внатрена ревизија не се доставуваат до Советот. Од страна на претставникот Добрица Алексовска беше објаснето и за другите училишта. Забелешки немаше. Претставникот од ЈОУДГ„Втори Септември“ Цане Трајчевски даде објаснување за детската градинка. Советничката Марија Кочовска праша дали има потреба од дополнителни средства со оглед на тоа што градинката работи во услови на пандемија со мал број на деца. Претставникот Трајчевски објасни нема средства за двете нови вработувања кои се планирани, за друго ќе има доволно средства. Дискусија повеќе немаше. Завршната сметка беше ставена на гласање со забелешката од советничката Валентина Ѓорѓиовска да се изготви објаснување. За донесување на завршната сметка гласаа 7 „за“ и 4 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 9. Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2020 година***

Годишниот извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2020 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Татјана Кочовска. За извештајот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. За донесување на извештајот гласаа 7 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.

Претседателот на Советот Благоја Станојовски даде пауза.
После паузата записникот го водеше Катерина Бошевска вработена во општина Демир Хисар.

***ТОЧКА 10. Одлука за усвојување на Предлог план за запишување на ученици во прва година во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебнта 2021/2022 година***

По отворена расправа по Одлуката за усвојување на Предлог план за запишување на ученици во прва година во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебнта 2021/2022 година, немаше пријавено за збор беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар ја усвои со 11 гласа „за“, против и воздржани нема.

***ТОЧКА 11. Завршна сметка на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2020 година***

По отворена расправа по Завршна сметка на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2020 година, по разгледаните материјали од завршната сметка никој не се јави за збор беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар ја усвои со 8 гласа „за“ и 3 „воздржавни“.

***ТОЧКА 12. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2020 година По отворена расправа по точка 12 од дневниот ред –Усвојување на завршна сметка на ЈКП Комуналец***

Образложение за завршната сметка даде директорот на ЈКП Комуналец Ацко Трајковски: ЈКП Комуналец за 2020 година оствари добивка и покрај ситуациите со Covid . На Управен одбор завршната сметка беше усвоена со 3 гласа за и 2 воздржани .
Немаше пријавено за збор беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар ја усвои со 6 гласа „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 13. Одлука за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2021 година***

По отворена расправа по Одлуката за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2021 година
Образложение за Годишниот план за вработување даде преставникот на општинската администрација Јасмина Василевска Перчаковска : Во измените предвидени се 2 вработување и едно напредување за раководител на одделение за човечки ресурси.
Немаше пријавено за збор беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници ,беше усвоено со 6 гласа „за“ и 5- „воздржани“.

***ТОЧКА 14. Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување на ЈКП Комуналец -2021 година***

Образложение: Директорот на ЈКП Комуналец Ацко Трајковски: Овој предлог требаше да е усвоен до 30 ти Септември закаснато е 4 месеци. Има едно пензионирање се бара можност за 3 вработувања.
За збор се јави советникот Мишко Поповски : Рокот не ти е запазен
Директорот на ЈКП : Три пати е одбиено бидејќи Советот не нашол можност, ако има можност да се усвои.
Советникот Драге Пупунчевски : Барате за 3 вработувања?
Директорот на ЈКП:да
Советникот Драге Пупунчевски отвори дискусија за расфрлениот отпад го извести Дирктoрот дека по патот за Слепче има нечистотии и расфрлено ѓубре и го праша директорот дали може да се исчисти?
Директорот на ЈКП: Можиме да организираме акција во викенд , но пред се е потребно да се зголеми свеста на луѓето.
По завршената дискусија точка 14 од дневниот ред беше ставен на гласање од вкупно 11 присутни советници , се усвои со 6 гласа „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 15.Одлука на годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2021 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2021 година Образложение даде Директорот на Дом на Култура :Се предвидени 2 вработување доколку не се изврши вработување средства ќе бидат одземени.
Советникот Христина Бојаџиева постави прашање : Дали е запазен рокот?

Директорот на Домот на Култура одговори : Рокот е запазен
По завршената дискусија беше ставен на гласање од вкупно 11 присутни советници , се усвои со 6 гласа „за“ , 4-„воздржани“ и 1 „против“.

***ТОЧКА 16. Извештај за остварено право на паричен надоместок за новородено дете за 2020 година***

По отворена расправа по точка 16 од дневниот ред -Усвојување на извештај за остварено право на паричен надоместок за новородено дете за 2020 година.
Претседателот на советот Благоја Станојовски како информација изнесе дека : Во 2020 година биле родени 34 новороденчина. Од кои 16 машки и 19 женски.
Никој не се јави за збор , беше ставено на гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 11 гласа „за“.

***ТОЧКА 17. Извештај за остварено право на паричен надоместок за склучени бракови***

По отворена расправа од точка 17 од дневниот ред-Усвојување на извештај за остварено право на паричен надоместок за склучени бракови
Претседателот на советот Благоја Станојовски како информација изнесе дека : Во 2020 година биле склучени 11 бракови
Никој не се јави за збор , беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 11 гласа „за“.

***ТОЧКА 18. Извештај за реализација на Годишна програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на Општина Демир Хисар за 2020 година***

По отворена расправа од точка 18 од дневниот ред-Усвојување на извештај за реализација на Годишна програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на Општина Демир Хисар за 2020 година,никој не се јави за збор беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советни се се усвои со 11 гласа „за“.

***ТОЧКА 19. Извештај за работа на ЈКП Комуналец за 2020 година***

По отворена расправа од точка 19 од дневниот ред-Усвојување на Извештај за работа на ЈКП Комуналец за 2020 година.
Образложение даде Директорот на ЈКП : Матријалите и извештајот се доставени
Советникот Валентина Ѓоргиовска даде позитивно мислење за работата на Комуналец : На два три пати Комуналец ја заврши работата брзо и експресно (Проблемот што е привремено решен да не се отстапува.)
По завршената дискусија од точка 19 од дневниот ред беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 7 гласа „за“ и 4 „воздржани“.

***ТОЧКА20. Извештај за извршените работи на јавна чистота во општина Демир Хисар за 2020 г на ЈКП Комуналец***

По отворена расправа од точка 20 од дневниот ред- Усвојување на Извештај за извршените работи на јавна чистота во општина Демир Хисар за 2020 г на ЈКП Комуналец
Директорот на ЈКП Комуналец Ацко Трајковски истакна дека за оваа година се предвидени нови насади пред општинската зграда и пред паркот .
Советникот Христина Бојаџиевска постави прашање: Дали ќе има систем за наводнување?
Директорот на ЈКП Комуналец Ацко Трајковски одговори : Да
Советникот Мишко Поповски даде предлог од тротоарите да се тргнат камчињата
Советникот Валентина Ѓоргиовска истакна дека во иднина се бара подобра реализација на програмата за јавна чистота
По завршената дискусија од точка 20 од дневниот ред беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советниси се усвои со 6 гласа „за“ и 5 „воздржани“ .

***ТОЧКА 21. Програмски извештај за работа на Дом на Култура „Илинден“ Демир Хисар***

По отворена расправа од точка 21 од дневниот ред –Усвојување на програмски извештај за работа на Дом на Култура Илинден
Образложение даде директорот на Дом на Култура Илинден Зоран Котевски : Извештајот за работа беше изгласан од УО со 2 гласа за и 1 воздржан
Никој не се јави за збор беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 6 гласа „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 22. Усвојувањена Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства попроекти и намени, како и спецификација на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок дотацијата на Дом на културата „Илинден“, ДемирХисар за 2020 година***

По отворена расправа од точка 22 од дневниот ред-Усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификација на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок дотацијата на Дом на културата „Илинден“, ДемирХисар за 2020 година

Директорот на Домот на Култура Илинден истакна дека Годишниот извештај е усвоен од УО има позитивна отценка со 5 гласови

Никој не се јави за збор беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 6 гласа „за“ и 5 „воздржани“

***ТОЧКА 23. План за работа на Дом за Култура Илинден за 2021 година***

По отворена расправа од точка 23 од дневниот ред-Усвојување на План за работа на Дом за Култура Илинден за 2021 година.

Никој не се јави за збор беше ставен за гласање од вкупно присутни 11 советници се усвои со 6 гласа „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 24. Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар за 2020 година***

По отворена расправа од точка 23 од дневниот ред-Усвојување на извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар за 2020 година.

Советникот Христина Бојаџиева бара одложување бидејќи нема командир.

Беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници се усвои со 6 гласови „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 25. Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар***

По отворена расправа од точка 25 од дневниот ред-Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар со предлог за Менче Наловска од с.Слепче.

Никој не се јави за збор беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 6 „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 26. Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Демир Хисар***

По отворена расправа од точка 26 од дневниот ред-Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Демир Хисар предлог за Звонко Стојковски од с.Жван

Никој не се јави за збор беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 6 „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 27. Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с .Смилево Демир Хисар***

По отворена расправа од точка 27 од дневниот ред-Донесување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Даме Груев“ с .Смилево Демир Хиса предлог за Узеир Шерифовски од с.Обедник.

Никој не се јави за збор беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 6 „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 28. Решение за разрешување и именување на член на Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“, Демир Хисар***

По отворена расправа од точка 28 од дневниот ред-Донесување на Решение за разрешување и именување на член на Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“, Демир Хисар.

Советникот Никола Димитријовски кажа дека : Валентина Најдовска е разрешена од член на Училишниот одбор, а на нејзино место се именува Кристина Стојковска од Демир Хисар

Беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници се усвои со 6 гласови „за“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 29. Решение за именување на член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“, Демир Хисар***

По отворена расправа од точка 29 од дневниот ред-Донесување на Решение за именување на член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“, Демир Хисар предлог за Славчо Петровски од Сопотница

Никој не се јави за збор беше ставен за гласање од вкупно 11 присутни советници се усвои со 7 „за“ и 4 „воздржани“.

***ТОЧКА 30. Разгледување на барање за подршка за олимпијата по хемија поднесено од Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија***

По отворена расправа од точка 30 од дневниот ред-Разгледување на барање за подршка за олимпијата по хемија поднесено од Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија.

Претседателот на Советот на општина Демир Хисар Благоја Станојоски истакна дека Општина Демир Хисар во изминатите години пружи финансиска подршка на ученици кои учествуваа на олимпијадата по Хемија. Барател на подршката е Сојуз на Хемичари

Советникот Мишко Поповски даде предлог да се одложи точката за наредна седница поради тоа што нема информации дали на олимпијадата ќе учествуваат ученици од Општина Демир Хисар

Советникот Христина Бојаџиева го даде истиот предлог

Предлогот беше усвоен и точка 30 од дневниот ред е закажана за наредна седница

***ТОЧКА 31.Предлози и Прашања***

Нема предлози и прашања

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 381/2** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**22.04.2021 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — **Благоја Станојоски с.р.**